PEACE PURSUIT®

# ПОТРАГА ПО МИР
## *ПРИРАЧНИК ЗА БРЗО ОТПОЧНУВАЊЕ*

**Најпрво,** изберете една улога која најдобро ја опишува вашата ситуација.

- Чувствувате дека лично сте повредени или навредени од некого.
- Верувате дека некој човек навредил или повредил некој друг.
- Се чини дека сте навределе или повределе некого.
- Некој дошол кај вас да разговара за конфликт меѓу двајца, но вие не сте вклучен во конфликтот меѓу тие двајца.

**Следно,** следете ја вашата сликичка.

## ПРВ СТАДИУМ — Сретнете се со Бог

Молете се и завршете ги овие чекори за вашата ситуација пред да одлучите дали да разговарате или не со другата личност.

### *Избегнувајте озборување*

Не зборувајте неприкладно за никој друг човек.
Изреки 16:28, 25:8-10, 26:20

### *Анализирајте*

Која е природата на меѓусебниот однос? Дали се работи за разлика во културата или во карактерот на личноста? Лоша комуникација? Вистинско несогласување? Може ли да се нарече грев? Како можете да го истакнете проблемот во однос на незадоволени, нејасни или нееднакви очекувања? Дали овие очекувања се јасно разбрани, оправдани, разумни и полни со љубов?
Изреки 23:23, Ефешаните 4:25

### *Проценете*

Ако можете да простите за лична навреда, може да одлучите никогаш повеќе да не го спомнете. Но размислете колку сериозен би можел да биде престапот. Како може на човекот или на другите луѓе негативно да им влијаат тие зборови или тоа однесување? Дали му штети на Христовото име или на црквата? Дали се работи за престап кој е јасно опишан како грев во Библијата? Дали е навика или е грешка што се прави еднаш? Колку посериозен е престапот и неговите ефекти, толку повеќе треба да размислите да разговарате со тој човек.
Изреки 19:11, 1 Петар 4:8, Колошаните 3:12-14, Галатите 6:1-2, Јаков 5:19-20, Тит 1:7-9, Матеј 18:15, Филипјаните 2:2-4

### *Судете праведно*

Дали сте суделе предвреме или сте донеле пребрзи заклучоци? Дали сте пристрасни кон некои од луѓето? Дали сте ја негирале или преувеличиле вистината за некои вистински престапи?
Изреки 17:15, 18:17; Левит 19:15; 1 Тимотеј 5:21; Јован 7:24; Матеј 7:1-2

### *Извадете ја гредата од своето око*

Како вие сте придонеле до проблемот? Што има во срцето или умот што ве спречува да го согледате проблемот, себеси или другата личност објективно и од Божја перспектива?
Матеј 7:3-5, 1 Петар 2:1

### *Проштевајте*

Дали ѝ простивте на другата личност во своето срце и пред Бог? Дали сте подготвени да им простите ако ви признаат и се покајат? Дали искрено можете да молите вакви молитви кон Бог? „Сакам да им простам како што ти ми прости во Христос". „Сакам да ги видам со твоите очи на милост и благодат". „Помогни ми да си го обновам умот, не сакам повторно да се навраќам на навредата". „Помогни ми никогаш повеќе да не зборувам неприлично за човекот или другите во врска со навредата". „Те молам благослови ги со твојата љубов".
Ефешаните 4:31-32; Изреки 17:9; Колошаните 3:13; Филипјаните 4:8; Матеј 6:14-15, 18:35

### *Барајте соодветен совет (ова е опција)*

Како може мудра и непристрасна личност да ви помогне потемелно да размислите за вашата улога? Изреки:1:5, 12:15, 19:20

### *Истражете го срцето*

Замолете го Бог вам да ви ги открие вашите мотиви. Како можете да го опишете, во библиски термини, вашиот мотив затоа што сте одбрале да разговарате или да не разговарате со другата личност? Немојте да одите во лутина, или за да ја засрамите другата личност или само за да си ја олесните совеста. Не дозволувајте неоснован страв, гордост или недостиг на љубов да ве спречат да разговарате со нив. Псалм 139:23-24

### *Покајте се за своето минато*

Ако сте придонеле за проблемот, подгответе се да му го признаете на Бог и другиот човек она што го разбирате. Како може да се понизите себеси, да ја испочитувате другата личност и да бидете искрени за тоа што го сторивте? Размислете да ги вклучите следните елементи во вашата исповед: да преземете лична одговорност, да ги именувате конкретните навреди, да не се оправдувате себеси или обвинувате другите, да покажете искрено жалење и покајание. Ако е грев, опишете го со библиски термини. Покажете дека сте свесни и жалите за болката и штетата кои сте ги предизвикале. Прашајте ги дали има повеќе работи за кои треба да преземат одговорност.
Матеј 5:23-24, 2 Коринќаните 7:8-11, Изреки 28:13, Јаков 4:6

### *Запрашајте се за вашата улога*

Дали сте најсоодветната личност за пристапување кон другата страна? Ако не сте, кој би можел тоа да биде? Изреки 26:17, Матеј 7:12

### *Размислете која е вашата одговорност*

Кои се вистинските и можните последици за вас, другиот човек и другите ако не разговарате со нив?
Галатите 6:1-2, Лев. Зак. 19:17-18, Евреите 10:24

### *Подгответе се со љубов*

Ако решите да зборувате со човекот, како би сакале вам да ви пристапат кога би биле вие на негово место? Разгледајте го вашиот план и мотив за да го сторите тоа.
Матеј 7:12, Галатите 6:1, Изреки 25:8-10, Филипјаните 2:2-4

Кога некој доаѓа кај вас да разговара со вас во врска со конфликт кој не ве вклучува директно, прво одредете дали сте соодветна личност која може да му помогне на тој човек. Ако сте, молете се и помогнете им да ја идентификуваат нивната улога. Тогаш следете ги следните насоки:

***Избегнувајте озборување***

Не зборувајте неприкладно за никој друг човек.
**Изреки 16:28, 25:8-10, 26:20**

***Бидете објективни и непристрасни***

Помогнете му на човекот да ја види перспективата на другата личност како и сопствената. Зборувајте ја вистината со љубов. **Изреки 18:17, Ефешаните 4:15, 1 Тимотеј 5:21**

***Советувајте мудро***

Мудро раководете ја личноста низ сите соодветни чекори од Првиот стадиум за нивната улога. „А мудроста која доаѓа одозгора, пред сè: е чиста, потоа мирољубива, блага, покорна, полна со милост и добри плодови, непристрасна и нелицемерна“. **Јаков 3:17**

## Божјите очекувања за сите верници еден кон друг

- **Бидете во мир** еден со друг (Марко 9:50)
- **Љубете** се еден со друг (Јован 13:34)
- **Бидете посветени** еден на друг (Римјаните 12:10)
- **Оддавајте си чест** еден на друг (Римјаните 12:10)
- **Живејте во хармонија** еден со друг (Римјаните 12:16)
- **Не си судете** еден на друг (Римјаните 14:13)
- **Прифатете** се еден со друг (Римјаните 15:7)
- **Поучувајте** се еден со друг (Колошаните 3:16)
- **Опоменувајте** се еден со друг (Колошаните 3:16)
- **Бодрете** се еден со друг (Евреите 10:25)
- **Служете си** еден на друг (Галатите 5:13)
- **Носете си ги бремињата** еден на друг (Галатите 6:2)
- **Поднесувајте се (трпете се)** еден со друг во понизност (Ефешаните 4:2)
- **Бидете љубезни и сочувствителни** еден кон друг (Ефешаните 4:32)
- **Проштевајте си еден** на друг (Ефешаните 4:32, Колошаните 3:13)
- **Покорувајте** се еден на друг (Ефешаните 5:21)
- **Не лажете** се еден со друг (Колошаните 3:9)
- **Утешувајте** се еден со друг (2 Коринќаните 13:11)
- **Градете** се еден со друг (1 Солунците 5:11)
- **Не зборвајте лошо еден** за друг (Јаков 4:11)
- **Не роптајте** еден против друг (Јаков 5:9)
- **Признајте си ги вашите грешки** еден на друг (Јаков 5:16)
- **Молете** се еден за друг (Јаков 5:16)
- **Имајте заедништво** еден со друг (1 Јован 1:7)
- **Охрабрете** се еден со друг (1 Солунците 4:18)
- **Барајте да си правите добро** еден на друг (1 Солунците 5:15)
- **Не се предизвикувајте** еден со друг (Галатите 5:26)
- **Сметајте се еден друг за поголем од себеси**; немојте само да гледате на сопствените интереси, туку исто така за интересите на другите (Филипјаните 2:3-4)

## ВТОР СТАДИУМ

## Ако е прикладно, сретнете се со другата личност

(Можеби ќе треба да го сторите ова повеќе од еднаш за да постигнете мир)

***Пристапете во љубов*** Одете на време и место со став со кој сакате да ви пристапат ако вашите улоги се обратни.
**Матеј 7:12, Галатите 6:1, Изреки 25:8-12**

***Слушајте*** Бидете брзи во слушањето, бавни во зборувањето и бавни на гнев. Слушајте ја другата личност со искрено внимание
**Јаков 1:19; Изреки 18:17, 25:12**

***Користете начин на зборување што му оддава чест на Бог*** Користете „јас“ изјави и необвинувачки коментари. Користете смирен, незаканувачки говор на телото. Истакнетете ги престапите со јасни, библиски термини. **Ефешаните 4:29; Изреки 15:1, 25:11-12**

***Простете*** Ако другата личност се кае за некоја грешка кон вас, лично, простете му.
**Лука 17:3-4**

***Исповедајте се искрено, понизно и оддавајќи чест*** Бидете конкретни, темелни и покајнички.
**2 Коринќаните 7:8-11, Изреки 28:13**

***Примете прошка и очистување, ако ви ги дадат*** **1 Јован 1:9**

***Исправете го секое злодело кое можете*** **Матеј 3:8, Евреите 12:11, Галатите 6:7-8**

## Зошто потрага по мир?

- **Барајте** ги работите кои носат мир и изградба еден на друг. **Римјаните 14:19**
- **Трудете** се да бидете во мир со сите. **Евреите 12:14**
- **Направете секаков напор** да одржите единство со Духот преку врската на мирот. **Ефешаните 4:3**
- **Сторете сè во ваша** моќ ако зависи од вас да бидете во мир со сите. **Римјаните 12:1**

## Потрага по мир: Петте столбови

1. Бог сака да бидете во мир со сите луѓе.
2. Вашиот однос со луѓето се отсликува и влијае врз вашиот однос со Бог.
3. Однесувајте се кон секој како кон уникатна личност создадена и љубена од Бог.
4. Однесувајте се кон секого исто, без предрасуди или пристрасност.
5. Секој е благословен кога библиски бара мир.